# Кнауф Fugenfüller Leicht K462

Материјал

Подрачје на примена

Својства






## Материјал

### Состав на материјалот

Кнауф Fugenfüller Leicht е прашкаст материјал изработен врз база на гипс и адитиви, прилагоден на областа на примена.

### Складирање

Вреќите треба да се чуваат на суво место на палети. Материјалот од оштетените вреќи треба веднаш да се употреби или да се препакува во нови вреќи. Складирање до 6 месеци .

### Податоци за порачка

| | | |
|---|---|---|
| Врека 5кг | бр. на производ | 712 04 008 |

## Подрачје на примена

Fugenfüller Leicht е гипсен материјал кој се употребува за:

- рачна обработка на споевите со бандажна лента на Кнауф плочи со полукружно закосени ивици (HRAK), за обработка на спoеви на плочите со правоаголно отсечени ивици (SK) и закосени ивици (AK) .
- лепење на Кнауф плочи на ѕид (суво малтерисување W611 при многу рамни подлоги)
- пополнување на оштетувања и отвори на површини со Кнауф плочи
- лепење на украсни гипсени лајсни

## Својства

- прашкаст материјал готов за употреба
- гипсен производ
- лесно се подготвува без грутки
- кремаста смеса
- едноставно глетување
- добра лепливост
- економичен материјал
- брза завршна цврстина
- задоволително отворено време

Кнауф дооел Скопје

ул. Даме Груев бр.5 Скопје тел. 02/31-17-765, 31-16-562, факс 02/32-13-153

e-mail: info@knauf.com.mk .internet:http://www.knauf.com.mk

## Обработка

### Општо

Лепење на гипсени плочи (суво малтерисување W611) - тенкослојно:
Подлогата мора да биде рамна, носива, цврста, чиста и сува. Многу впивлива подлога треба претходно да се обработи со премазот Кнауф Grundiermittel, а бетонска подлога се премачкува со Кнауф Betokontakt.

Обработка на споевите на Кнауф плочи:
Кнауф плочите мора добро да се прицврстат на носечката потконструкција. Плочите мора да бидат суви, чисти и на споевите исчистени од прашина. Оштетените места треба пред обработка на споевите да се исполнат со Fugenfüller Leicht.

### Потрошувачка на материјал:

(податоци во (кг/м$^2$)

лепење кај суво малтерисување

| дебелина на плочата | потрошувачка |
|---|---|
| 12,5мм | 0,8-1,0 |

обработка на спoеви

| дебелина на плочата | таван | ѕид | сув малтер |
|---|---|---|---|
| 12,5мм | 0,4 | 0,5 | 0,25 |
| 2x12,5мм | 0,6 | 0,8 | - |
| термоплочи МФ | - | - | 0,35 |
| термоплочи ПС | - | - | 0,25 |

1 кг Fugenfüller Leicht дава околу 1,3л смеса за фугирање.

### Подготвување на материјалот

Fugenfüller Leicht треба да се сипе во чиста, ладна вода се додека материјалот не се појави на површината (макс.2,5kg во 1,9l вода). Се чека 2-3 минути и со шпакла рамномерно се меша без додавање на материјал - се додека не се добие цврста кремаста смеса.

### Обработка

Лепење на Кнауф плочи (суво малтерисување) тенкослојно:
Со назабена глетарка Fugenfüller Leicht се нанесува по ивиците и една лента во средината, на задната страна на Кнауф плочата.
Обработка на спoеви кај Кнауф плочи:
Споевите се исполнуваат со материјал и се втиснува бандажна лента. Обработените спoеви повторно тенкослојно се преглетуваат додека спојот не се изедначи со површината на плочата. Пред секој нареден чекор претходниот слој треба да биде сув т.е. тврд. Видливите шрафови истотака се глетуваат. Мали нерамнини може завршно да се обработат со фина шмиргла.

### Чистење на алатот и приборот

Непосредно по работата алатот и садовите треба веднаш да се измијат со вода.

### Работна температура

Со глетување одн.обработка на споевите на Кнауф плочите потребно е да се започне, откако е исклучена можноста за промена на димензиите на плочите н.пр. при драстична промена на температурата и влагата во просторијата.
Ако е предвидено нанесување на естрих, Кнауф плочите се фугираат после нанесувањето на естрихот. Температурата во просторијата и подлогата не смее да биде пониска од +5°C.

### Отворено време

Од моментот на мешање до почеток на згрутчување - околу 40 минути.
Нечисти садови и алат за мешање го скратуваат отвореното време.
Згрутчен материјал не може да се користи со додавање на вода и повторно мешање.

### Забелешки

Fugenfüller Leicht не треба да се меша со други материјали бидејќи со тоа се менуваат неговите својства.
При тенкослојно глетување, "на нула", понекогаш доаѓа до пребрзо сушење на гипсените материјали, што предизвикува "изгорување" на материјалот и негово подоцнежно отпаѓање.

Ги задржуваме правата на технички измени. Нашите гаранции се однесуваат на беспрекорниот квалитет на нашите производи. Конструктивните, статички и градежно-физички својства на Кнауф системите може да се остварат исклучиво со примена на системските компоненети од Кнауф производната програма. Нормативите за материјал и начинот за работа се искуствени.
Ги задржуваме сите права за ев.измени и препечатувања.